There are no translations available.



Во рамките на реализацијата на проектот ,, Недела на италијанскиот јазик во светот ,, кој се одвива под мотото ,,Италија на територии, Италија на иднината ,, во работна посета на општина Неготино престојуваше амбасадорот на Република Италија во Република Македонија Фабио Кристијани. За време престојот, амбасадорот Кристијани оствари средба со градоначалникот на општина Неготино Пане Трајков кој го запозна со личната карта на градот, а потоа присуствуваше на работилницата што се одржа во ТИЦ ,, Желкова куќа ,, каде што беше презентиран проектот за соработка и размена помеѓу италијанските училишта од општина Вале ди Сан Николао и ООУ ,, Страшо пинџур ,, од нашиот град. Имено, токму од нашето основно училиште е покрената иницијатива за изучување на италијанскиот јазик преку негово воведување како дополнителен предмет за изучување за учениците кои ќе пројават интерес за тоа, идеја која сесрдно беше поддржана од амбасадорот Кристијани кој рече дека е радосен што и надвор од Скопје, во помалите средини, ќе може да се изучува овој јазик, се разбира по завршувањето на процедурите кои се во тек во Министерствиото за образование и давањето согласност за реализацијата на проектот.

